# ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 14
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 6 - креирање на едноставни програми
**Наставна содржина:** Изработка на програми кои содржат комбинации од структури и вклучуваат настани
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за самостојно креирање програми со комбинации од структури и вклучуваат настани, да се оспособи за дебагирање на креираните програми
**Очекувани резултати:** Самостојно креира програми со комбинации од структури и вклучуваат настани, ги дебагира креираните програми
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор**,** мелодиски Орфов инструмент
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, креира програми

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Наставникот на учениците им дава мелодиски Орфов инструмент, на кој учениците треба да ја отсвират детската песна “twinkle, twinkle little star”.
**Учечко – поучувачки активности:** Задачата на овој час е да изработиме програма, која компјутерот ќе ја „претвори“ во клавир на овој начин:

- кога ќе го притиснеме копчето a да се слушне тонот „до“,
- кога ќе го притиснеме копчето s да се слушне тонот „ре“,
- кога ќе го притиснеме копчето d да се слушне тонот „ми“,
- кога ќе го притиснеме копчето f да се слушне тонот „фа“,

 ...
- кога ќе го притиснеме копчето k да се слушне тонот „до (2)“,

на начин прикажан на сликата:




За да ја направиме програмата поинтересна, за секоја отсвирена нота, позадината на сцената да се промени во друга боја. За таа цел, во јазичето „ПОЗАДИНИ“ (со претходен клик врз иконочето „ЕТАПА“ во панелот за избор на фигури и позадини – во долниот десен дел од екранот), со клик врз иконочето БОЕЊЕ и користејќи ги соодветните алатки, се прави нова позадина во една боја. Потоа секоја позадина се преименува со пособоодветно име.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ - Во Скреч, составуваат програма според барањето на задачата. Учениците работат во пар, постојано проверуваат дали програмата што ја креираат работи како што замислиле, ги анализираат и поправаат евентуалните грешки. Притоа, изгледот на панелот за програми и изгледот на панелот за позадини е прикажан на сликата:

obrazovanie.literatura.mk

Изглед на панелот за програми




Изглед на панелот за позадини




**Активности за евалуација:** Користејќи го програмот кој го креираа овој час, да ја отсвират детската песна “twinkle, twinkle little star”.